**ЈАВЕН ПОВИК**

**За волонтери и набљудувачи за предвремени Парламентарни избори 2016**

Коалицијата **"Излези да гласаш"** објавува Повик за волонтери и набљудувачи за претстојните предвремени Парламентарни избори 2016.

Коалицијата на граѓански организации **„Излези да гласаш",** уште од своето формирање активно учествува во набљудувањето на изборните процеси во Република Македонија. Досегашната работа на оваа Коалиција овозможи активно набљудување на Парламентарните избори во 2008 и 2011 година, локални избори во 2013, со преку 3 000 набљудувачи, како и последните Претседателски и Парламентари избори 2014 со близу 5 000 набљудувачи.

Коалицијата на граѓански организации **„Излези да гласаш" обединува 93 граѓански организации од целата територија на Република Македонија.**

И на претстојните предвремени Парламентарни избори 2016, Коалицијата со голем број на акредитирани набљудувачи и волонтери активно ќе го следи изборниот процес и политичките кампањи кои се составен дел на изборите.

Ги повикуваме сите заинтересирани граѓани од Република Македонија кои сакаат да се пријават за акредитирани набљудувачи и волонтери да се пријават **најдоцна до 17 ноември 2016,** на следнивеа адреса:

**izlezidaglasasizbori2016@gmail.com** или во седиштата и контактите на коалиционите граѓански организации**.**

За да бидете набљудувач потребно е :

• Да сте граѓанин на Република Македонија;

• Да имате навршено 18 години на денот на пријавувањето за набљудувач;

• Да сте подготвени непристрасно да ги вршите задачите на набљудувач;

• Да се пријавите со испраќање на вашите податоци (име, презиме, адреса на живеење според лична карта, дата на раѓање и контакт-телефон) на погоре наведените адреси.

• Да имате искуство при набљудување на претходни изборни процеси

По завршување на рокот за пријавување, сите селектирани набљудувачи ќе бидат известени по е-маил или телефон. При селекција, предност ќе имаат лицата кои веќе биле набљудувачи преку Коалицијата во некој од претходните изборни процеси.